ка токму податоците добиени на овој начин се и несигурни и неточни.

Во заклучок на сето ова што дотука го изнесовме, можеме да кажеме дека корист што се има од објавувањето на ваков вид литература со историска содржина би била уште поголема ако е пишувана врз научна основа со подбрана материја и со нужна научна акрибија.

При евентуално второ проширено и дополнето издание на овој труд да се надеваме дека ова ќе се има предвид.

Алекасндар АПОСТОЛОВ

Дамјан ЛЕПЧЕСКИ

## Др. ВОЈО КУШЕВСКИ, ЈОРДАН ДИМЕВСКИ, ТРПКО ПАНГОВСКИ, ЦВЕТАН БЕЛИЧАНЕЦ:

## ИСТОРИЈА ЗА I КЛАС НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ[1])

(за гимназиите)

(Просветно дело — 1974 година)

### *Усогласеноста на учебникот со наставната програма*

Учебникот по историја, под горниот наслов, од наведените автори, е наменет за работа според наставната програма по историја, што е во примена во гимназиите во СРМ од 1974/75 учебна година. Всушност, учебникот е модифициран и приспособуван, со подобрувања од квалитетна природа, за фонд од 2 часа неделно, од учебникот по историја што беше пред тоа во употреба за фонд од 3 часа неделно.[2])

Овој учебник го содржи наставниот материјал предвиден со наставната програма што е денеска во примена во I клас гимназија во СРМ. На прашањето: „Дали учебникот е работен според наставната програма — дали ја проширува или стеснува"?, девет анкетирани професори даваат одговор дека учебникот е работен според наставната програма и дека ја проширува наставната програма. Имено учебникот, за кого станува збор, содржи 253 страници односно само 10 страници е помал од учебникот што беше во употреба од 1971 година, за фонд од 3 часа неделно.

Еден од анкетираните практичари во врска со обемот на учебникот бележи: „Премногу објаснувања се даваат за родовските заедници", „Материјалот за културните достигнувања на источните народи е невозможно да се предаде за 1 час", „Материјалот за

---

[1]) За изготвување на овој приказ користени се материјали од 12 анкетирани професори по историја што се служеле со учебникот во 12 гимназии во СРМ, во учебната 1974/75 година. Анкетираните листови ги изготви РЗУОВ.

[2]) Од наведените автори, за I клас гимназија со фонд од 3 часа неделно, претходно беше во употреба учебник по историја, во издание на „Просветно дело" од 1971 година.

15*

Стара Грција — според наставната програма се предвидува да се реализира за 7 часа, а учебникот го обработува за 8 часа", „Материјалот за Стар Рим е предвиден да се реализира за 7 часа, а во учебникот е распореден за 8 часа"; „Да се скрати материјалот за римските освојувања во Италија" и др. Во врска со ова прашање, односно во врска со обемот, има барања за скратување на бројот на прашањата, како и на дополнителниот текст.

Според наше мислење, авторите ја искористиле максималната граница во обемот — преку четири страници за една наставна единица, дополнителен текст преку 50 страници историски карти, слики, шеми, реконструкции на споменици и др. Од друга страна постојат и повторувања на некои содржини: Создавање на државите, Третманот на религијата. Со Уводот и другите завршни констатации се повторуваат содржини со содржините во учебници за V и VI одделение. Бидејќи учебникот има претензии да биде современ, би требало да се ослободи од повеќе готови регистрирани заклучоци, што би било пожелно учениците самостојно да ги прават. Произлегува заклучокот дека учебникот би требало да се скрати за да се приспособи за работа со фонд од 2 часа неделно.

Учебникот е засниван врз историската наука и одговара на научните достигнувања. Со својата содржина и интерпретација на целините и задачите во наставната програма обезбедува воспитно дејствување на основните цели за образованието и воспитувањето во нашето училиште. Во таа насока особено добро е обработена културната историја. Даден е успешен преглед на развитокот на човечкото општество, а имено на создавањето на класното општество. Авторите ги прикажале доста јасно социолошките процеси, со потребна анализа и синтеза на настаните. Поврзувањето на причините и последиците низ содржините на учебникот му даваат потребно педагошко и идеолошко значење. Содржините за религијата се така обработени, што според наше мислење, би требало ефикасно да делуваат на атеистичкото воспитание на учениците.

### *Дидактичко-методска страна на учебникот*

Материјалот поместен во овој учебник, главно, се повторува со материјалот што се учи во VI и VII одделение во основното училиште. Меѓутоа, материјалот во овој учебник во значителна мера е проширен и продлабочен, односно интерпретиран е на повисоко рамниште, со цел да одговори на возраста на учениците.

Стилот на кој е пишуван е приспособен на психо-физичката возраст на учениците за кои е наменет учебникот. Во поголемиот дел од учебникот речениците се кратки и приемливи, а мислите се течни, складни и разбирливи за учениците од таа возраст.

За овој учебник карактеристично е што поимите се вткаени во конкретниот материјал, низ историските процеси, што им помага на учениците да ги разберат преку читање на основниот текст. Во повеќето лекции хронолошките податоци се одмерено поставени и придонесуваат за разбирање

на законитоста на историскиот развиток. Меѓутоа, има и такви содржини (религијата и создававањето на државите) што би требало да се ослободат од повеќето хронолошки и биографски податоци кои се познати од основното училиште, што водат кон меморирање на знаењата.

Глобално гледано, во учебникот е обезбедено постапно и разбирливо обработување на основните идеи на предметот зацртани со целите и задачите на наставната програма по историја.

Во врска со прашањето: „Дали обработениот материјал одговара на интелектуалните можности на возраста на учениците", од анкетираните наставници добиени се и одговори: „Учебникот многу е обемен"; „Стилот и формулациите одговараат на возраста на учениците"; Стилот во првиот дел да се поедностави" итн. Значи, општо земено, и практичарите бараат скратување на обемот за учебникот за да одговори на психофизичките можности на учениците, да се приспособи за фонд од 2 часа неделно. Дури тогаш, слободно би можеле да претпоставиме дека учениците целосно самостојно ќе можат да го користат учебникот.

Распоредот на материјалот во учебникот е систематизиран во помали композициски целини и теми со што се олеснува работата со него. Содржините се континуирано распоредени и обезбедуваат постапно разбирливо обработување на основните идеи на предметот.

Основниот текст дава готов материјал што во практиката се вика лекција, како што се дава материјалот во класичен учебник. Меѓутоа, покрај тој материјал е поместен и дополнителен текст со цел да се прошири и продлабочи основниот текст. Со дополнителен текст обилуваат целините: Првобитно општество и Стар Исток. Што се оди напред во учебникот, тие текстови се поретки. Има и такви дополнителни текстови што на друг начин го повторуваат основниот текст од кои, по наше мислење, може да се ослободи учебникот. На пример, такви текстови што се повторуваат се оние со кои се објаснуваат содржините за создавање на државите: Египет, Индија, Хомерово време, Спарта, Атина, Рим, Франечка држава. Поконкретно речено, основниот текст го дава основниот материјал што треба да го знаат учениците, а дополнителниот текст дава дополнителни објаснувања и проширувања на материјалот.

Учебникот располага со повеќе од 50 илустрации. Неоспорно е дека се тие корисни бидејќи се органски поврзани со текстот и сочинуваат единствена функција. Во повеќето случаи илустрациите прават конкретизација на односите и процесите. Авторите направиле напор под некои слики да постават работни задачи што ги мобилизираат мисловните способности на учениците. Таков е, на пример, текстот поместен од сликата „Македонска фаланга", стр. 111. Меѓутоа, веднаш потоа, на стр. 113, под сликата „Битката кај Ис" поместен е поголем текст што дава готови објаснувања и завршни формулации. Учебникот, според наше мислење, ќе добиеше во квалитет ако под повеќето слики имаше работни задачи.

Во учебникот се поместени повеќе тематски и описни историски карти, што се поврзани со основниот текст, а објаснети со експликативен текст. Недоволни се обидите картите да се поврзуваат со проблемски задачи, што би ги водело учениците кон самостојно решавање на поставените проблеми. Мошне успешно се поместени одделни шеми и реконструкции. Посебно добро е претставена шемата на битката кај Кана, стр. 131 со описен текст. Според наше мислење, со оваа шема би требало да биде дадена и работна задача. Такви можности даваат и шемите за битката на Зама, како и Маратонската битка, итн.

По наставните содржини и теми, односно целини, во учебникот читаме „прашања и задачи". Според наша оценка, поголемиот број прашања се проблемски и ги водат учениците кон продуктивното повторување на материјалот, односно анализа на содржините, донесување на заклучоци, согледување на битното, разбирање на илустрациите. Со други зборови тие се стимулативни и бараат систематизирање на материјалот преку самостојна работа на учениците. На пример, систематизирање на материјалот бараат прашањата што се поместени по целините за уопштување на истиот. Меѓутоа, според наше разбирање, прашањата се многу и при нивното целосно користење ја оптоваруваат детската психа. На пример, по насловот „Уметноста кај првобитните луѓе", стр. 29, поместени се 9 прашања и задачи, за веднаш потоа да бидат поставени 11 прашања за уопштување на целината. Таков е случајот по темата — „Робовладетелско општество", „Источните земји под римска власт" и др. Толкав број прашања и задачи би бил во ред ако со учебникот се служат студентите по историја, меѓутоа, за учениците кои имаат и други бројни задачи по другите предмети, тие се многу. Посебно велиме се многу бидејќи прашањата не бараат прераскажување, туку анализа и синтеза на содржините. Затоа нека ни биде дозволено, да им предложиме на авторите, во евентуалното преиздавање на учебникот да го намалат општиот број на прашањата.

Во врска со илустративниот материјал и прашањата во учебникот, анкетираните наставници одговараат дека се тие по содржина добри, дека „ги има доволно" и предлагаат бројот на прашањата да се намали.

Паѓа во очи дека овој учебник со основниот текст дава завршни судови, ги регистрира фактите, поимите, хронолошките и биографските податоци и прави одредени заклучоци. Според тој метод на соопштување може да се рече дека е учебникот класичен недоволно ја поттикнува самостојната работа на учениците. Меѓутоа, со дидактичката апаратура учебникот прави чекор напред за разлика од другите учебници по историја што се во употреба во СР Македонија. Посебно преку прашањата и задачите учебникот помага наставата по историја да добие карактер на проблемска настава, а со тоа се инсистира на развивање на критичко мислење и активност кај учениците. Преку работните задачи има за цел да го ангажира ученикот самостојно да усвојува знаења. Со други збо-

рови, преку дидактичката апаратура учебникот ги упатува учениците да ги читаат историските карти, да ги средуваат фактите, да ги откриваат причинско-последичните односи и да создаваат сопствени заклучоци. Затоа, со право можеме да констатираме дека учебникот е комбиниран и може да послужи и на учениците што не се оспособени за самостојна работа, односно што немаат услови за таква работа, како и кои покажуваат интерес самостојно да решаваат проблеми и да стекнуваат творечки знаења. Меѓутоа, сметаме дека за поперспективно решавање на проблемот — учебник, авторите треба, евентуално во наредните изданија, да се ослободуваат од текстуалното излагање на фактите, да направат чекор напред и да му дадат на учебникот уште повеќе работен карактер, односно тој да израсне во современ учебник. Во врска со тоа барање, на прашањето: „Дали концепцијата на работен учебник одговара на потребите или претставува тешкотија", во анкетните листови практичарите одговараат: „На потребите повеќе одговара работен учебник"; „Потребен ни е работен учебник"; „Потребни се делумни измени за да биде учебникот работен и да ја поттикнува самостојната работа".

Уште во учебникот од 1971 година, како и во овој од 1974 година авторите ветуваа издавање на Историска читанка што требаше да биде во заемна врска со учебникот. Меѓутоа, сè уште таква читанка не е издадена! Не сме во можност да навлегуваме во тоа: зошто ветувањата не се исполнуваат? Наша задача е да се обидеме да дадеме одговор на прашањето: Дали му е потребна на учебникот Историска читанка и Работна тетратка, бидејќи тој содржи дополнителни текстови, задачи, прашања и вежби? Мислењата од анкетираните практичари се поделени: 7 против и 5 за. Ние сме слободни да се искажеме дека на овој учебник не му е потребна Работна тетратка, бидејќи во него се решени потребите на работната тетратка, а за потребите од Историска читанка тешко ни е да се определиме. Имено, учебникот со дополнителните текстови донекаде ја решава потребата и за Историска читанка.

### *Естетско-техничка страна на учебникот*

По форматот учебникот изгледа дека е голема книга за фонд од 2 часа неделно. Зошто е тоа така, можевме да се увериме од претходното искажување.

Книгата е шиена и обезбедува нормална функција и трајност за употреба за една до две генерации. Хартијата е на потребното ниво, од која што се изготвуваат учебниците.

Рековме дека книгата е богата со илустрации што можат функционално да се поврзуваат со текстот. Илустрациите се печатени во црно-бела техника. Меѓутоа, квалитетот на печатењето не е со подеднаков успех. Повеќето од нив се бледи и тешко читливи. На пример, такви се: „Римски воен логор", „Римската војска преминува река", стр. 133, „Планот на Цариград" стр. 185, „Башчанска плоча" стр. 248 и др. Начинот на плицирањето на илустра-

тивниот материјал не водел доволно сметка на книгата да ѝ овозможи естетско-хигиенска вредност. Исто така распоредот на илустрациите е недоволно функционален од аспект на рационализацијата на просторот (стр. 107, 162, 163). На пример, илустрациите на стр. 82 и 83 не функционално се поместени, текстот расфрлан на повеќе делови. Или, на стр. 162 и 163 две мали сликички што претставуваат делови на Стоби зафаќаат голем простор на две страници, а би можело да бидат порационално распоредени.

Основниот текст е печатен со гармонд букви, а текстот од дидактичката апаратура со петит. Текстот што е со петит букви потешко се чита, меѓутоа, кога и тој би се печател со гармонд букви книгата уште повеќе би добила во обем, а тоа не би било пожелно. Веројатно, техничкиот уредник водел сметка книгата да биде потенка и на некои страници дозволил текстот да биде збиен, што од друга страна, пак, не дозволува доволна перцептивност од страна на учениците. Така, на пример, на стр. 155 и 157 има отстапувања од она што би требало да значи илустрација на текстот.

Општо земено, естетско-техничката страна на учебникот донекаде ги задоволува потребите, меѓутоа, треба да очекуваме дека при преиздавањето на книгата и таа страна на учебникот да добие во квалитет.

## *Наместо заклучок*

На крајот правиме обид да предложиме краток заклучок, односно резиме на досега реченото. Пред сè, ќе се послужиме со одговорите на анкетираните практичари, на прашањето: „Што предлагате за подобрување на учебникот"? Скоро сите предлагаат: „Учебникот да се оспособи за фонд од 2 часа неделно". Значи, се бара тој да се приспособи, односно да се усогласи со наставната програма по историја за 2 часа неделно. Во таа смисла се бара скратување на основниот текст, пред сè, од првата половина на учебникот. Исто така се бара скратување на прашањата и задачите и на некои дополнителни текстови што се повторуваат со основниот текст, односно не допринесуваат, во потребната мера, тој да се продлабочи (создавање на државите, третманот на религијата и др.). Колку и да е тешко, сметам дека ова барање е оправдано.

Дадовме приказ на учебникот за I клас гимназија со желба да биде наш придонес за неговото квалитетно подобрување при евентуалното преиздавање. Не е наше да цениме колку сме успеале во тоа, а би сакале правилно да се сфати нашата добронамерност. Впрочем, ни недостасува учебникарска критика и со овој приказ можеби ќе ги поттикнеме и другите, посебно практичарите, да дадат критика и на другите учебници, односно да им помогнат на авторите и на издавачот кон подигнувањето на квалитетот на учебниците.